**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

# У П А Т С Т В О

# ЗА НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ОПРЕДЕЛЕНИ СО ПРАВИЛНИКОТ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА, БРОЈ 08-915/1 ОД 13.03.2020 ГОДИНА И 08-915/2 ОД 10.08.2020 ГОДИНА, ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ И ИЗБОРНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 15 ЈУЛИ 2020 ГОДИНА

---

**Скопје, август 2020 година**

Врз основа на членот 31 став 2 точките 2 и 24 и членот 19 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година, Решението за распишување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-1422/1 од 16.02.2020 година, Решението за изменување и дополнување на решението за распишување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-2094/1 од 15.06.2020 година, донесени од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, број 44-5638/1 од 15.06.2020 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 160 од 15.10.2020 година, а во врска со Правилникот на Државната изборна комисија, број 08-915/1 од 13.03.2020 година и 08-915/2 од 10.08.2020 година, за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 15 јули 2020 година, Државната изборна комисија на 07 август 2020 година, донесе

**УПАТСТВО**

**за начин на реализација на средствата за исплата на надоместоци на членовите на изборните органи и изборната администрација, определени со Правилникот на Државната изборна комисија, број 08 – 915/1 од 13 март 2020 година и 08-915/2 од 10 август 2020 година**

1. Со ова Упатство се утврдува начинот на реализација на трошоци за исплата на надоместоци на членовите на изборни органи и изборна администрација, од средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, во врска со спроведување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 15 јули 2020 година.

2. Средствата за исплата на надоместоците за „Предвремените парламентарни избори 2020 година" се обезбедуваат од разделот на Државната изборна комисија, за изборни активности.

3. Висината на средствата за надоместоците е определена согласно Правилникот на Државната изборна комисија, број 08-915/1 од 13 март 2020 година и 08-915/2 од 10 август 2020 година, за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 15 јули 2020 година, објавени на веб - страната на Државната изборна комисија (www.sec.mk).

4. Врз основа на критериумите определени во Правилникот и доставените извештаи за соодветниот ангажман од лицата опфатени со Правилникот, Државната изборна комисија врши исплата на надоместок за Предвремените парламентарни избори 2020 година.

Средствата се реализираат на корисниците на нивните трасакциски сметки.

5. Податоците потребни за исплата на надомстоците за членовите од составот на општинските изборни комисии и избирачките одбори се внесуваат од страна на овластено лице од општинските изборни комисии, преку ВЕБ апликација на Државната изборна комисија за внес на податоци.

Податоците потребни за исплата на надоместоците за членовите на помошните тела и изборната администрација се внесуваат од страна на овластено лице од Државната изборна комисија.

6. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истото се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број** 08-915/3
10**.08.2020 год.**
**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**